ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ
НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E
MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр / Nr. 31 - 363/4
05-03-2024 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

**Дата: 05.03.2024**

**РЕШЕНИЕ**

На 19.02.2024 година, во ЈП депонија Дрисла Скопје по електронска пошта пристигна Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на новинар од ТВ Алфа, со арх бр.03-49 од 19.02.2024 година.

Постапувајќи по законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како одговорно лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на добиените информации од Одделението за животна средина, управување со отпад и контрола на отпад, Одделението за согорување и автоклавирање на медицински отпад и Одделението за лабораториски анализи и третман на отпадни води, Ви доставуваме одговор на Вашите прашања, и тоа:

1. **Дали ЈП депонија Дрисла редовно врши испитувања и мониторнинг врз животната средина?**
   - ЈП депонија Дрисла Скопје своите работни активности во врска со лабораториски испитувања и мониторинг на животна средина ги има прилагодено во согласност со издадената А - Интегрирана еколошка дозвола, во која се точно дефинирани сите потребни испитувања. Депонијата Дрисла постапува согласно дозволата и за таа цел акредитирани лаборатории вршат испитувања на издувните гасови при секое согорување од инсенераторот за медицински отпад и испитување на бунарската вода во близина на Маркова Река. Дополнително во кругот на депонијата Дрисла се мери јонизирачкото зрачење на донесениот отпад и амбиентниот воздух преку сопствена станица, а резултатите редовно се објавуваат на веб страната на претпријатието.

2. Дали е направена инвестицијата за лабораториски инструменти за испитување и мониторинг врз животната средина како што е предвидено во програмата за инвестиции за 2023 година.
   - Во почетокот на 2023 година во просториите на СУГС “Марија Кири – Склодовска“ отворена е првата градска биотехнолошка лабораторија во Скопје, со помош на Град Скопје, УНДП и УНИЦЕФ, а во ноември 2023 година е извршено примопредавање на ЈП депонија Дрисла Скопје кое ќе стопанисува со истата. Оваа лабораторија може депонијата Дрисла да ја користи за сопствени аналази, но и средношколци, студенти, професори, иноватори (претприемачи) и цела заинтересирана јавност, може да

тестираат идеи, учат и да експериментираат во насока на креирање иновации, со тоа што ќе отпочнат со процеси кои водат кон рециклирање и реупотреба на биоотпадот.

3. Што покажаа резултатите од лабораториските испитувања и мониторинг врз животната средина за 2023 година?
   - Добиените резултати од лабораториските анализи извршени од акредитираните лаборатории покажуваат дека се во рамките на максимално дозволени концентрации за што се добиваат записници од надлежните институции. Сите добиени резултати се доставуваат до државниот инспекторат за животна средина, кои вршат редовни, надзорни и вонредни контроли на депонијата.

4. Дали ЈП депонија Дрисла ја реализира инвестицијата предвидена во програмата за инвестиции за 2023 година за набавка, транспорт и монтажа на инсталација за секундарна селекција на отпад и набавка, транспорт и монтажа на пречистителна станица?
   - Во текот на 2023 година е направена анализа за приоритетни инсталации потребни за тековното работење на депонијата, при што е утврдено дека на депонијата Дрисла е најнеопходо инсталирање на пречистителна станица за отпадни води, за која е во тек постапка за јавна набавка.

Изработил

-----------------------------------------

**Дијана Ж.Велјаноска**

Одговорно лице за посредување при давање

на информации од јавен карактер

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден 6б, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје,
Р. С. Македонија.

Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk

Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: МК4080009506800